ОДМ КОЛЛЕКТИОНС ДООЕЛ Скопје има потреба од проширување на својот тим

## • 1 (еден ) Агент за наплата на побарувања на албански јазик Место: Скопје

ODM Collections d.o.o. е компанија од Белград специјализирана за откуп на побарувања, присутна во повеќе земји од регионот на Западен Балкан. Нашата компанија е со стекната доверба од страна на бројни реномирани клиенти од различни области и гранки на индустријата на кои сме им доверлив партнер во процесот на управување со побарувањата. Со континуирано унапредување на процесите и вложување во едукација на своите вработени, успеваме постојано да ги исполнуваме стандардите на работењето.

Во канцеларијата во Скопје имаме потреба од проширување на тимот и пополнување на позицијата Агент за наплата на побарувања.

**Барања и очекувања кои кандидатот треба да ги исполни:**

- Одлични интерперсонални, преговарачки и комуникациски особини
- Изразена способност за решавање на проблеми
- Предност имаат кандидатите кои имаат искуство во наплата на побарувања

**Опис на работните задачи:**

- Телефонска наплата на побарувања на различни проекти
- Одговорност за резултатот заради наградa од наплата на доделениот проект
- Евиденција на повици на дневно ниво

**Нудиме:**

- Динамични и креативни работни задачи
- Можност за личен и професионален развој
- Адекватни и стимулирачки примања

Како да аплицирате:

Доколку сметате дека поседувате способности и вештини да се издвоите од останатите кандидати на пазарот на труд во областа за наплата на побарувања, Ве повикуваме да аплицирате со испраќање на Вашата професионална биографија (CV) на следната e-mail адреса: recruitment@odmc.mk, со назнака: „Агент за наплата на побарувања на албански јазик".

*Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на разговор.

*ODM Collections е мултинационална организација, која се стреми да ги негува вредности на сите националности. Затоа ги охрабруваме сите кандидати без оглед на национална, верска или друга припадност да аплицираат и да се придружат на нашиот тим.

*Заштита на лични податоци*

*Со аплицирање на овој оглас, кандидатите изразуваат согласност нивните лични податоци да бидат обработувани од страна на работодавачот, исклучиво за потребите на процесот на селекција и вработување, согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.*

*Собраните податоци ќе се користат само за наведената цел и нема да бидат споделувани со трети лица. Работодавачот ќе ги чува личните податоци во рок утврден согласно законските прописи, по што истите ќе бидат соодветно избришани или уништени.*

*Кандидатите имаат право на пристап, исправка или бришење на своите лични податоци, како и право да ја повлечат согласноста за обработка во секое време, со доставување на барање на електронската адреса наведена во огласот.*